КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДП.бр.12-4-9/2024**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Славица Ацовска извршител, како Претседател на Дисциплинска Комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јусуф Ајрулахи од Апелационен суд Скопје и Душица Димитриеска од Совет на Јавните обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, во отсуство на извршителот, по одржан главен претрес на ден 23.07.2024 година го донесе следното,

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител О.Г. од Д., именуван за подрачјето на Основен суд К., Основен суд Б., Основен суд В. и Основен суд Д., по наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ,

**ЗАТОА ШТО:**

Извршител О.Г.од Д., во периодот од 13.03.2024 година до 11.06.2024 година до Комората на извршители на РСМ не доставил на увид списи од предметите кои биле цел на надзорот на ден 12.03.2024 година од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. Извршителот О.Г.не постапил согласно своја Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр.03-205/1 од 13.03.2024 година, кој записник е составен на ден 12.03.2024 година при вршењето на надзор по предметите И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19 на извршител О.Г.од Д. од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа, со што сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23): „не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот", па согласно чл. 62 став 1 точка в) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/16, бр.142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) на извршител О.Г.од Д. му се изрекува дисциплинска мерка,

**парична казна** во висина од _____ евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РСМ на денот на изрекувањето.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот О.Г.од Д., изречената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението, а под страв на присилно извршување.

Ова Решение е конечно.

Евентуално поведен управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на ова решение.

*Образложение*

На ден 20.06.2024 година до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ од страна на Претседателот на Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година, против извршител О.Г.од Д.

Извршителот О.Г.од Д. во предлогот се товари дека сторил дисциплинска повреда, со тоа што во периодот од 13.03.2024 година до 11.06.2024 година до Комората на извршители на РСМ не доставил на увид списи од предметите кои биле цел на надзорот на ден 12.03.2024 година од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа. Извршител О.Г.не постапил согласно дадена своја Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр.03-205/1 од 13.03.2024 година. Записникот бил составен од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа на ден 12.03.2024 година, при вршењето на надзор по предметите И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19, во канцеларија на извршителот О.Г.од Д.

Претседателот на Комората на извршители на РСМ, сметајќи дека извршителот О.Г.од Д. со непостапувањето согласно Изјавата нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр.03-205/1 од 13.03.2024 година, односно со недоставување на увид списи од предметите И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19 до Комората на извршители на РСМ, кои предмети биле цел на надзор на ден 12.03.2024 година од страна на Комисијата за вршење на надзор сторил, дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) односно <u>извршителот не дава податоци за цели на вршење на надзорот,</u> и предлага на Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител О.Г.од Д. и да му изрече соодветна санкција во согласност со одредбите од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ пред одржување на главен претрес констатира дека извршител О.Г. до денот на одржување на главен претрес до ДК при КИРСМ не достави одговор на Предлог за поведување дисциплинска постапка бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседателот на Комора на извршители на РСМ, иако Предлогот за поведување дисциплинска постапка со сите списи и барање, уредно е доставен на ден 20.06.2024 година до извршителот по електронски пат во неговото електронското сандаче, согласно член 8 став 6 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, со барање во рок од 8 дена од приемот да се произнесе и да достави одговор и докази до Комората. Предлог со барање е доставен до извршителот и по ПТТ на ден 22.06.2024 година.

На главен претрес одржан на ден 23.07.2024 година, ДК при КИРСМ констатира дека до извршител О.Г. уредно е доставена покана за главен претрес на ден 15.07.2024 година, по електронски пат до неговото електронското сандаче, како и по ПТТ поканата е испратена на ден 16.07.2024 година. Извршителот О.Г.од Д. иако уредно поканет, не се одзва на поканата за присуство на главен претрес и не го оправда своето отсуство.

Членовите на ДК при КИРСМ утврдија дека постојат услови за одржување на главен претрес, во отсуство на извршителот.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес на ден 23.07.2024 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседател на Комора на извршители за правда на РСМ;
- Претставка од С. Д. од Д., УПП бр.12-3-78/4 од 13.11.2023година;
- Претставка од С. Д. од Д., УПП бр.12-3-78/9 од 12.12.2023 година;
- Одлука на Управен одбор на КИРСМ дел.бр.02-529/6 од 20.12.2023 година;
- Записник за извршена контрола по овластување на УО на КИРСМ дел.бр.03-205/1 од 13.03.2024 година;
- Одлука на Управен одбор на КИРСМ дел.бр 02-209/12 од 15.03.2024 година;
- Барање бр.03-205/3 од 04.04.2024 година на Претседателот на КИРСМ;
- Записник од седница на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, дел.бр.02-257/1 од 17.04.2024 година;
- Писмен допис „Достава на Предлог за поведување на дисциплинска постапка“ со бр.12-4-9/2 од 20.06.2024 година, адресиран до канцеларија на извршител О.Г.од Д.;
- „Достава на Предлог за поведување на дисциплинска постапка ДП 12-4-9/2024“, електронска порака од 20.06.2024 година од официјалната е-маил адреса на Комората до официјалната е-маил адреса на извршител О.Г.;
- Приемна книга од ПТТ ( лист број 28) за испратен пошта од страна на КИРСМ на ден 22.06.2024 година;
- Писмен допис „Покана“ за присуство на главен претрес со бр.12-4-9/3 од 15.07.2024 година, адресиран до канцеларија на извршител О.Г.во Д.;
- „ Покана за главен претрес -23.07.2024 година (вторник) со почеток во 11 часот“, електронска порака од 15.07.2024 година од официјалната е-маил адреса на Комората до официјалната е-маил адреса на извршител О.Г.; и
- Приемна книга од ПТТ ( лист број 32) за испратен пошта од страна на КИРСМ на ден 16.07.2024 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, по разгледување на наводите изнесени во предлогот и ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Лицето С.Д. од Д., должник во извршувањето по предмети кои се водат во канцеларија на извршител О.Г.од Д., на ден 13.11.2023 година доставил приговор до Претседателот на КИРСМ кој бил заведен со УПП бр.12-3-78/4, како и на ден 12.12.2023 година доставил приговор до Претседателот на КИРСМ, кој бил заведен со УПП бр.12-

3-78/9. Подносителот, С.Д. од Д. во наведените приговори изразил незадоволство од соодржината на примените Известувања по претставки од Претседателот на КИРСМ, изразил незадоволство од работата на други институции, како и изразил незадоволство од работата на извршител О.Г.од Д., по предметите во кои тој се јавува во својство на должник.

Управниот одбор на КИРСМ на одржана седница на ден 20.12.2023 година донела одлука бр.02-529/6 со која ги доставува на надлежност до Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата, писмената со број -УПП бр.12-3-78/4 од 13.11.2023 година и УПП бр.12-3-78/9 од 12.12.2023 година и двете поднесени од ист подносител С.Д. од Д., со цел Комисијата да изврши надзор над работењето на извршител О.Г., по однос на новите наводи кои се однесуваат на дополнително преземените извршни дејствија на извршителот по предметите И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19. Исто така, Управниот одбор на КИРСМ на одржаната седница на ден 20.12.2023 година согласно Правилникот, донел одлука за избор на трет член на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа на ден 12.03.2024 година во 14 часот и 30 минути, пристапила во канцеларија на извршителот на бул. М. бр.-- во Д., па во присуство на три-члената Комисија и извршителот, врз основа на член 8 став 2 од Правилникот за работа на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа, како и Одлуката на Управниот одбор бр.02-529/6 од 20.12.2023 година, спровела вонредна контрола на постапувањето на извршителот по предметите со И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19. На записник е нотирана изјава на извршителот О.Г., која гласи:„Со оглед на тоа што се работи за поголем број на предмети за истиот должник постои веројатност доставници кои се тарифирани, а недостасуваат во конкретните предмети да не се припоени во списите. Со оглед на тоа што контролата е извршена покасно во работниот ден, а вработените им заврши работното време го задржувам правото да ги пронајдам дополнително и да ги доставам на увид во КИРСМ.“ Записникот за извршена контрола по овластување на УО на КИРСМ, е примен во Комората на извршители на РСМ на ден 13.03.2024 година и заведен со дел.бр.03-205/1.

Управен одбор на КИРСМ на седница одржана на ден 15.03.2024 година донел Одлука дел.бр 02-209/12, со која дава иницијатива до Претседателот на КИРСМ согласно член 78 став 1 точка г) од Законот за извршување, за поведување на дисциплинска постапка против извршител О.Г. од Д., врз основа на наводите од Записникот за извршена вонредна контрола по овластување на УО на КИРСМ, заведен со дел. бр. 03-205/1 од 13.03.2024 година. Претседателот на Комората со Барање известување бр.03-205/3 од 04.04.2024 година се обатил до Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа, со кое побарал известување од Комисијата дали при

вршењето надзор увиделе повреди на службената должност на извршителот при увид во списи од предметите кои биле цел на надзорот, со цел да изготват Мислење. Во писменото, Претседателот на Комората ја известува Комисијата дека извршителот О.Г. до ден 04.04.2024 година до КИРСМ нема доставено списи од предметите кои биле цел на надзорот, односно не постапил согласно изјавата дадена на Записник, бр.03-205/1 од 13.03.2024 година. Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооеднaчено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа на ден 17.04.2024 година одржала он-лајн седница на која го разгледала Барање бр.03-205/3 од 04.04.2024 година на Претседател на КИРСМ и едногласно усвоила, СТАВ кој гласи:„ Со оглед на фактот дека извршител О.Г.не доставил до КИРСМ списи од предметите кои биле предмет на надзор, а зел обврска да ги достави, Комисијата смета дека останува фактичката состојба утврдена во Записникот за извршен надзор и Претседателот на КИРСМ треба да изготви Предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител О.Г.“

Претседателот на Комората постапувајќи врз основа на член 79 став 3 в.в. член 59 став 2 од Законот за извршување (Службен Весник на РМ бр. 72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) член 7 став 2 и член 8 став 1 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка и Одлука на Управен одбор на КИРСМ бр.02-209/12 од 15.03.2024 година, на ден 19.06.2024 година изготвил и до ДК при КИРСМ доставил Предлог за поведување на дисциплинска постапка, бр.12-4-9/1.До извршител О.Г., уредно бил доставен Предлогот за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседател на КИРСМ, на ден 20.06.2024 година по електронски пат до неговото електронското сандаче, согласно член 8 став 6 од Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, како и по ПТТ на ден 22.06.2024 година. До извршител О.Г., уредно била доставена и Покана за главен претрес на ден 15.07.2024 година, по електронски пат до неговото електронското сандаче, како и по ПТТ поканата била испратена на ден 16.07.2024 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.12-4-9/1 од 19.06.2024 година на Претседателот на Комората на извршители на РСМ утврди дека извршител О.Г.од Д., ја сторил дисциплинска повреда, утврдена во член 65 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување (Службен Весник на РМ бр. 72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23), извршителот не дал податоци за цели на вршење на надзорот, на начин што извршител О.Г.во периодот од 13.03.2024 година до 11.06.2024 година до Комората на извршители на РСМ не доставил на увид списи од предметите кои биле цел на надзорот од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа, а истиот зел обврска да ги достави, видно од записник. Целта на надзор била утврдена со Одлука на Управен одбор на КИРСМ, бр.02-529/6 од 20.12.2023 година, а цели на надзор биле предметите со И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19. Комисијата постапувајќи согласно Правилник и одлука на Управен одбор бр.02-529/6 од 20.12.2023 година, спровела вонредна контрола на постапувањето на извршителот по предметите со И.бр.144/12,

И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19 во канцеларија на извршител О.Г., на ден 12.03.2024 година. ДК при КИРСМ, од списи на предмет, утврди дека извршител О.Г. не постапил согласно своја Изјава нотирана на Записник за извршена вонредна контрола дел.бр.03-205/1 од 13.03.2024 година, кој записник е составен на ден 12.03.2024 година при вршењето на надзор по предметите И.бр.144/12, И.бр.210/12, И.бр.238/12, И.бр.1170/12, И.бр.557/13, И.бр.558/13, И.бр.924/17 и И.бр.285/19 на извршител О.Г.од Д. од страна на Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите со цел вооедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифа, дека ќе ги достави списите на увид до Комората на извршители на РСМ.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ при определување на дисциплинската мерка за сторената дисциплинска повреда, како и при изрекувањето на дисциплинската мерка – парична казна, во висина определена во член 62 став 1 точка в) од ЗИ, ги зема во предвид тежината на повредата, околностите под кои е сторена повредата и однесувањето на извршителот по сторената повреда. При одмерувањето на казната, ДК при КИРСМ посебно ја имаше во предвид незаинтересираноста на извршителот за одбрана. Извршител О.Г., до ДК при КИРСМ не достави одговор на Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.12-4-9/1, како и неприсуствуваше на закажан главен претрес. ДК при КИРСМ при одлучувањето, ја зема во предвид како отежнителна околност предходно изречената парична казна, како дисциплинска мерка против извршител О.Г.од Д.по предмет ДП бр.12-4-2/23, како и неговата тогашна незаинтересираност за одбрана.

ДК при КИРСМ смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува обвинетиот извршител О.Г.од Д. да плати на име парична казна износ во висина ---- евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РСМ бр.2----------9 во С. Б. АД С., во рок од 15 дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 23.07.2024 година согласно чл. 58, чл.60 став 1 в.в. чл. 62 став 1 точка в) од Законот за извршување (Службен Весник на РМ бр. 72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) одлучи како во изреката на ова решение.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Славица Ацовска

________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот.

**Дн:** Извршител О.Г.од Д.
Претседател на КИРСМ
Министерство за правда на РСМ
Архива